



# КАРПОШ
## НЕДЕЛЕН Е-БИЛТЕН














# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

# ИГРИ И ПЕСНИ ЗА 52 РОДЕНДЕН НА ГРАДИНКАТА „ПРОЛЕТ“

Минатиот викенд, сабота (01.04.2017), дечињата и вработените од градинката „Пролет“ - Општина Карпош, ја одбележаа 52 годишнината од постоењето на својата предучилишна установа. По повод патрониот празник, најмладите подготвија приредба на кејот на реката Вардар под мотото „Движи се, да не заборавиш да одиш“. Свеченоста започна со традиционалните народни танци, продолжи со одбрани детскиеснички и игри, а заврши со спортскиот дел, каде децата ги презентираа своите вештини во кошарка и фудбал.

На манифестацијата, покрај среќните детски лица, шаренилото од весели костими, забелележливо беше расположениeто на возбудените родители, меѓу кои присуствуваше и министерот за труд и социјална политика Ибрахим Ибрахими. По завршување на првиот забавен дел од приредбата, дружбата продолжи со пешачење до целта, кај хотелот „Александар Палас“.

Во рамки на веселата дружба беше промовирана и новата химна на градинката „Пролет“, чиј текст го напиша директорката Вита Јаковлевска, а музиката ја аранжираше реномираната македонска поп пејачка Андријана Јаневска. За денот на пролетта, 21. март, под мотото „Чист двор“, децата засадија цвеќиња во дворовите, посејаа семиња од зеленчук во еко градините и реализираа практични еко-активности.





# МЕСЕЦ НА ОТСТРАНУВАЊЕ ЕЛЕКТРИЧЕН И ЕЛЕКТРОНСКИ ОТПАД ВО КАРПОШ

Општина Карпош во соработка со „Нула Отпад“ ДОО Скопје, овој месец ја продолжува големата акција за собирање на отпадната електрична и електронска опрема. Преку оваа акција која е втора по ред од лани, се помага во отстранувањето на отпадната електрична и електронска опрема директно од домовите на граѓаните. Преку ефикасен и економски одржлив систем за собирање, селектирање, рециклирање и преработка граѓаните на Карпош ќе можат да се ослободат од непотребниот и штетен електронски отпад. Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски напомена дека изминатата акција помина одлично и дека очекува оваа да биде уште подобра.

-Општина Карпош организира собирање на електричниот и електронскиот отпад и тоа од домаќинствата на граѓаните на нашата општина. Минатата година се собра ваков отпад во количина од 4,5 тона. Акцијата ќе трае цел месец и сакаме да ги опфатиме сите граѓани кои поседуваат ваков отпад. Мора да признаеме дека минатата година бевме многу задоволни од она што го постигнавме, а тоа зборува за свеста кај граѓаните кои го поседуваат ваквиот отпад за присуството на штетни честички во него – рече Јакимовски.

Граѓаните можат да се пријавуваат во урбаните заедници, каде што ќе ги остават своите контакт податоци како и видот и количината на отпадот што го поседуваат. Согласно евидентниот лист од секоја урбана заедница, колективниот постапувач „Нула отпад“ во договор со пријавените граѓани, ќе спроведе бесплатно подигнување на отпадот од домовите, а со помош и во соработка со работници обезбедени од Општина Карпош.



# НОВИ ФАСАДИ ВО КАРПОШ

На денешната седница на Советот на Општина Карпош , советниците го одобрија Предлог- решението за давање согласност на годишен план за вработување за 2018 година во четирите детски градинки кои се наоѓаат на територијата на Општина Карпош, како и Предлог- решението за давање согласност на годишен план за вработување за 2018 година, во десетте основни училишта кои се под ингеренција на локалната самуправа. На оваа 66. седница се одобрија и финансиски средства за реконструкција на фасади на колективни станбени објекти во Општина Карпош, како и се даде ,, виза“ за отпочнување на постапка за избор на членови во Советот на млади при Општина Карпош. Советниците ја изгласаа и Одлуката за давање согласност за потпишување на Договор за преземање на обврските за плаќање воден надоместок за наводнување кон индивидуалните земјоделски производители од месната заедница Бардовци. На оваа седница беа одобрени и одлуките за утврдување на вклопување на бесправен објект , изграден на дел од КП. Бр.903/1 КО Злокуќани, и КП бр.1177, КО Бардовци, како и КП.бр.646/36, КО Долно Водно во урбанистичко- планските документации со кои се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето.



# ОБУЧЕНИ ВОЛОНТЕРКИ-НЕГУВАТЕЛКИ ВО ГРАДИНКИТЕ ВО КАРПОШ

Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во соработка со Општина Карпош, им овозможи на осум жени да се стекнат со сертификат за волонтирање како негувателки во јавните детски установи кои се наоѓаат на територијата на локалната самоуправа. Во присуство на директорите на сите четири градинки од Општина Карпош, во градинката „Мајски Цвет", градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски, лично им ги врачи признанијата на волонтерките – негувателки во градинките. Овој проект е со цел да им се овозможи на млади девојки, како и повозрасни жени да се стекнат со практично искуство во сферата на детската нега и заштита, кое понатаму би им донело поголеми можности за вработување во институција со соодветната струка која ја поседуваат.

Проектот траеше шест месеци , при што финансискиот надоместок за платите на волонтерските негувателки го овозможи УНДП, додека трошоците за обезбедените лиценци ги подмири локалната самоуправа.
- Ми претставува особена чест и задоволство што овие млади девојки и жени од Карпош , токму преку оваа наша соработка со УНДП се стекнаа со драгоцено искуство, кое многу ќе им помогне во понатамошната професионална кариера. Особено, станува збор за една благородна работа, која изискува многу внимание, посветеност, елан и трпение, како што е воспитувањето и подигнувањето на најмладите генерации. Еден ден, во иднина, токму вашите генерации на деца може да станат идни академици, доктори, адвокати, инжинери, на што особено ќе сте лично горди, истакна првиот човек на Карпош, Стевчо Јакимовски.



Општинскиот таткo, исто така нагласи, дека токму овие осум обучени негувателки ќе имаат практична предност при вработувањето, бидејќи искуството кое го стекнале, ќе им биде од исклучителна важност при аплицирањето на конкурсите за идно вработување. Директорот на „Распеана Младост“, како и директорките на останатите три градинки во Карпош „Пролет“, „Орце Николов“ и „Мајски Цвет“, упатија позитивни критики и пофални зборови за негувателките, напоменувајќи дека за многу кратко време се адаптирале на колективот и на висина на задачата ги извршувале своите секојдневни работни обврски. Заменик- раководителката на Секторот за дејности од јавен интерес Гордана Стојчевска - Зафировска нагласи дека Општина Карпош во континуитет го подобрува амбиентот на градинките, како од инфраструктурен, така и од кадровски аспект, сé со цел најмалите карпошани да имаат најдобри услови за престој.





# УЛИЦАТА „ЕЗЕРЦИ“ ВО ВЛАЕ 1 ЦЕЛСОНО РЕКОНСТУРИРАНА

По целосната реконструкција на улиците во урбаната заедница „Владо Тасевски“, градежната механизација се пресели во урбаната заедница „Влае 1“. Денеска, улицата „Езерци“ доби нов асфалт во должина од 180 метри, а во вредност од околу еден милион денари. Фирмата-изведувач е „Ескаватори МК“ Скопје. Првиот човек на локалната самоуправа, Стевчо Јакимовски во изјавата за медиумите презентираше детални информации за градежните работи во овој дел од наслебата Влае.

-Во моментов се наоѓаме во урбаната заедница „Влае 1“, кадешто на целиот овој кварт вршиме реконструкција на улиците и тоа пет улици со вкупна вредност од околу пет милиони денари. Во изминатиот период беа реконструирани улиците „Гари“, „Блаже Биринчето “ и „Франц Месеснел“, а подготвителни работи се вршат на улиците „Ринхини“ и „Франц Розман“ кои во скоро време ќе бидат асфалтирани. Во моментов се реконструира улицата „Езерци“. Ако се има во предив дека е направен крак од улицата „Петар Чаулев“, тоа значи дека за околу 170 семејства кои што живеат во овој дел од урбаната заедница „Влае 1“, имаат комплетно нови улици и се реконструираат за прв пат после 1964 година. Извршена е подземна реконстукција на инсталации, поставени се нови канделабри и со тоа овој дел од населбата Влае 1 ја подготвивме за наредните 30 години – рече Јакимовски.

Во наредниот период градежните работи продолжуваат со полна пареа. Од овој дел на урбаната заедница „Влае 1“ останување уште две улици, а должината на коловозите досега се 900 метри. Во рок од десетина дена се очекува завршување на реконструкција на улиците во урбаната заедница „Влае 1“.



# МАПИРАНИ ЛОКАЦИИ ЗА ЛИЦАТА СО ХЕНДИКЕП ВО НЕРЕЗИ И КАРПОШ 3

Општина Карпош е прва локална самоуправа од територијата на Градот Скопје, на која се реализира проектот ,,МАПАТОН". Станува збор за вклучување на лица со посебни потреби во имплементација на андроид апликација преку приватните мобилни уреди кои тие ги користат и која ќе им овозможи интерактивност во мапирањето на пристапните места.

На иницијатива на УНДП, во рамки на проектот „Услуги за лица со попреченост", активноста се спроведе во соработка со Општината. По информативниот состанок одржан на 9 март, веќе мапирани се дел од непристапните локации во Карпош 3 и Нерези. На овие две места поставени се пристапни рампи за да можат лицата со хендикеп да се движат полесно и побезбедно.

Поставените пристапни рампи се нааоѓаат на следните локации:

· Паркинг место ( за два автомобили) на Бул. Партизански Одреди бр.143 ( Воените кули под Мостот Обединети Нации) од десната страна во Нерези).

· Паркинг место ( за два автомобили) на Бул.Партизански Одреди бр.145 - ( Воените кули под Мостот Обединети Нации) од десната страна во Нерези).

· Влезот на Градинката Орце Николов на Ул.Карпошово Востание бб

· Обележување на паркинг место на Ул.Никола Русински ( задниот дел на Лептокарија, до гаражата)

· Обележување на паркинг место на паркингот во Лептокарија, каде што се поставени двете метални столбчиња.



На присутните на состанокот им беше презентирана целта на активноста и практичните начини за нејзина примена, со цел да им се олесни движењето и секојдневното функционирање на лицата со попреченост. Општина Карпош како и до сега и во иднина при изградба на сите објекти ќе води сметка за пристапноста како би можеле лицата со попреченост нормално да функционираат и да ги извршуваат своите обврски.





# СВЕТСКИОТ ДЕН НА СПОРТОТ ОДБЕЛЕЖАН ВО КАРПОШ

Со изведба на танци, песни, драматуршки рецитати и спортски игри, учениците од ООУ „Вера Циривири Трена“ денеска го одбележаа Меѓународниот ден на спортот и мирот. Трета година по ред Општина Карпош го празнува овој светски признат ден на спортот. Основците од ова училиште, ја истакнуваа важноста од занимавањето со спорт, и колку спортот влијае на психофизичкиот развој на едно младо дете. Раководителот на одделението за спорт и култура при Општина Карпош Патрик Поповски, нагласи дека локалната самоуправа, вложува постојано во спортското здравје на учениците, потенцирајќи дека Општина Карпош е позната по одржувањето на училишните спортски лиги во фудбал, кошарка, ракомет и одбојка.

- Ние како локална самоуправа, му придаваме големо значење на спортот како физичка активност преку која младите основци ќе се изградат во здрави личности. Особено сме горди, што токму ученици кои учеле во некое од училиштата кои се наоѓаат на територијата на Карпош, денес се врвни спортисти, било во индивидуалните или во некој колективен спорт. Практикувањето на спортска активност освен што позитивно влијае врз психофизичкиот раст и развој на основците, исто така им создава дисциплина, почитување на ред, преземање на одговорност и чувство на припадност кон колектив, напомена Поповски.

Локалната самоуправа и во иднина, ќе го одбележува овој Ден на спортот и мирот, преку организирање на пригодни настани, со кои освен што ќе се даде на значење на спортот, исто така ќе се мотивираат што повеќе деца и млади основци да се занимават со спортот како хоби или професионална активност.



# ВЕЛИГДЕН СО ПОЛНИ ТРПЕЗИ И ЗА СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИТЕ КАРПОШАНИ

По повод претстојниот голем христијански празник Велигден, овој викенд се организира хуманитарна акција под мотото „Да бидеме хумани за нашите соседи“. Традиционалната акција со штандови пред поголемите супермаркети, се одржува по 21-ви пат. Секретарот на Општина Карпош, Бојан Милошевски во изјавата за медиумите апелираше до своите сограѓани за што поголема излезност и помош за нивните соседи кои се наоѓаат во потешка материјална состојба.

-Апелирам до сите граѓани на Општината и пошироко кои можат да помогнат, да одвојат од својот буџет при своето викенд пазарење и да допринесат за побогати трпезите и кај нивните сограѓани кои се наоѓаат во социјален ризик. Очекувам акцијата да биде масовна овие два дена, денес и утре, и се надевам дека помошта од нашите хумани сограѓани и тоа како ќе биде од корист, бидејќи на семејствата кои се наоѓаат во ваква состојба навистина им треба поддршка секој ден, но и за големите празници – истакна секретарот. Милошевски додаде дека седма година како Општина Карпош помага на социјално загрозените семејства преку овој хуман гест во кој се вклучени и хуманите граѓани.

- Општина Карпош не само што ја организира оваа акција три пати во годината, туку и во текот на целата година преку своите хумани граѓани им помага на овие луѓе кои што се социјално загрозени. На територија на Општина Карпош бројот на лица кои се во социјален ризик и во потешка материјална состојба од година во година се намалува, така што сега тој број изнесува околу 100-на семејства кои се наоѓаат во оваа положба. Локалната самоуправа во наредниот период ќе продолжи да биде најхумана Општина и ќе им помага на граѓаните – рече Бојан Милошевски.

Хуманитарната акција „Да бидеме хумани за нашите соседи“, се спроведува три пати во годината и тоа за Денови на Општина, Новогодишните и Божиќните празници како и за Велигденските празници. Собраните производи, вклучувајќи ја и помошта од администрацијата и училиштата на територија на Општина Карпош, во текот на идната недела ќе се доделат во хуманитарни пакети на дел од семејствата кои се наоѓаат во потешка материјална состојба.

Општина Карпош по 21-ви пат ја организира оваа хуманитарна акција за помош на социјално ранливи семејства или кои се нашле во потешка материјална состојба. Изминативе седум години ја организираме оваа акција три пати во годината и тоа по повод Новогодишните и Божиќните празници, Велигденските празници како и по повод Деновите на Општината.

# САМВЕЛ ОД ЕРМЕНИЈА НА ШАХОВСКИОТ ВРВ ВО КАРПОШ

Ерменецот Тер Сахакјан Самвел е овогодинешниот шаховски шампион на реномираното шаховско натпреварување ,, Опен Карпош 2017" . Седма година по ред , шаховскиот клуб Гамбит Асеко СЕЕ во коорганизација со Општина Карпош, ги носи најврвните светски шахисти во Република Македонија. Вкупно 31 земја од целиот свет се претстави со свои шаховски репрезентативци на респектабилниот шаховски турнир, кој според сите светски шаховски параметри, се вбројува во десетте најдобри шаховски натпреварувања на стариот континент. Ерменскиот претставник доби награда од 1600 евра, додека второпласираниот Бугарин Георгиев Кирил доби награда од 1200 евра. Демченко Антон од Русија е трет на овој турнир и освои награда во вредност од 1050 евра. Овој турнир се одигра во девет кола, по правилата на Швајцарскиот систем на натпреварување. Шахистите имаа по 90 минути на располагање за повлекување на 40 потези, и 30 минути до крајот на партијата со 30 секунди по потег, броејќи од првиот пат. Врвните шаховски велемајстори, позитивните критики од шаховските федерации, како и квалитетот на натпреварувањето од година на година, го прави овој карпошовски шаховски турнир еден од европските спортки бисери на ,, најумствената" спортска игра.

